Уп. бр.08-137

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Лонгтејл Ад Солушенс, Инц (Longtail Ad Solutions, Inc), со регистрирано седиште во Државата Делавер на 251 Литл Фолс Драјв, Вилмингтон, Округ Њу Касл 19808, Соединетите Американски Држави, преку адвокатско Божидар Милошевиќ од Скопје, на седницата одржана на ден 27.10.2022 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1. Се утврдува дека концентрацијата со која Лонгтејл Ад Солушенс, Инц (Longtail Ad Solutions, Inc), со регистрирано седиште во Државата Делавер на 251 Литл Фолс Драјв, Вилмингтон, Округ Њу Касл 19808, Соединетите Американски Држави стекнува самостојна контрола над Друштво за информатичка технологија ИНПЛЕЕР ХУБ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул. Никола Кљусев бр. 11, Центар, 1000 Скопје и одредени средства (во форма на права од интелектуална сопственост и договори) од ИнПлеер Лимитед со регистрирано седиште на 37-41 Мортимер Стреет, Лондон, BB1T, 3JX, Обединето Кралство, по пат на стекнување на удел и средства, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**Образложение**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 10.10.2022 година, а дополнето на 12.10.2022 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна

на Лонгтејл Ад Солушенс, Инц (Longtail Ad Solutions, Inc), со регистрирано седиште во Државата Делавер на 251 Литл Фолс Драјв, Вилмингтон, Округ Њу Касл 19808, Соединетите Американски Држави, со која Лонгтејл Ад Солушенс, Инц, Соединетите Американски Држави стекнува самостојна контрола над Друштво за информатичка технологија ИНПЛЕЕР ХУБ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул. Никола Кљусев бр. 11, Центар, 1000 Скопје и одредени средства (во форма на права од интелектуална сопственост и договори) од ИнПлеер Лимитед (InPlayer Limited), со регистрирано седиште на 37-41 Мортимер Стреет, Лондон, ВВ1Т, 3ЈХ, Обединето Кралство, по пат на стекнување на удел и средства.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополнатата и прилозите кон истите, го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Лонгтејл Ад Солушенс, Инц е владејачко друштво на ЈВ Плеер (JW Player) групацијата на друштва, кое обезбедува технологија за онлајн репродукција (*online video player technology*) на видеа на барање и гледање (*streaming*) на видеа во живо, која се продава на онлајн издавачи и радиодифузери на база на софтвер-како-услуга (SaaS), и е еден од пионерите во видеа на интернет мрежата и продолжува да иновира како најголема платформа на независна мрежа за емитување на видеа и видео интелегенција во светот.

Лонгтејл Ад Солушенс, Инц нема регистрирано присуство во Северна Македонија и нема остварено било каков приход.

Основната деловна активност на ИнПлеер МК е развој на софтвер. Поконкретно, ИнПлеер МК учествува во развојот и работењето на ИнПлеер платформата за монетизација на видеа, што вклучува и обезбедување на услуги за поддршка на корисниците на платформата. Врз основа на оваа платформа, давателите на видео содржина ја монетизираат нивната содржина преку собирање на плаќања од крајни корисници во име сопственикот на видео содржината, на повторлива или поединечна основа. ИнПлеер платформата интегрира различни елементи, вклучувајќи онлајн видео платформи и репродукција (*players*), системи за влезници за настани, АПП (*APP*), ОТТ (*OTT*) и системи за податоци, призводство на видеа, гледање во живо (*livestreaming*) и услуги за дистрибуција, како и платформи за плаќање.

Целните средства се состојат од права од интелктуална сопственост и одредени договори поврани со ИнПлеер платформата, кои дополнително ќе бидат дефинирани.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за униврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување**.**

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**